Australian Macedonian
# TODAY
33 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIII No 1935 27 OCTOBER 2023 FREE

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe



## РАЗГОВОРИ ЗА БЕЗБЕДНОСНИОТ ПАКТ АУКУС:

# АЛБАНЕЗЕ ВО ПОСЕТА НА ВАШИНГТОН

Австралискиот прајминистер Ентони Албанезе е во посета на САД, надевајќи се дека ќе постигне напредок во договорот за создавање флота на нуклеарни подморници со договорот АУКУС. Американски законодавци имаат значителна загриженост во врска со пактот.

АУКУС е трилатерален договор објавен во септември 2021 година со САД и Велика Британија, со кој Австралија за првпат и беше ветено дека ќе добие пристап до подморници на нуклеарен погон.

Во Вашингтон Албанезе ќе присуствува на државна вечера и на состанок во Овалната канцеларија со претседателот Бајден. Таму ќе разговара со членовите на Конгресот на САД за легислативата што е потребна за да се обезбеди напредок.

MACO
Macedonian Australian Community Organisation
FREE ENTRY
10th Annual Macedonian Food & Wine Festival
SATURDAY 4th NOVEMBER 2023
from 12.00 am to 10:00 pm
82 Nelson Place, Williamstown VIC 3016

## ТАТКО И ДВЕ МАЛИ ДЕЦА СЕ МЕЃУ ПЕТТЕ МАКЕДОНСКИ ДРЖАВЈАНИ ШТО ЧЕКААТ ЕВАКУАЦИЈА ОД ГАЗА

EZEVO RAKIJA

Australian Grape Brandy Distiller of the Year 2023

MELBOURNE INTL SPIRITS COMPETITION 2023 Australia Grape Brandy Distillery of the Year

- Australian Made
- Double Distilled
- Quality Shiraz Grapes from the Barossa Valley
- Modern Filtration Techniques

- Австралиско производство
- Двојно дестилирано
- Квалитетно грозје Шираз од долината Бароса
- Современа техника на филтрација

Достапно низ цела Австралија. За информации јавете се во Kabina Distilling на **03 9046 2427**.
Каде се продава, видете на **www.kabinadistilling.com** или контактирајте со Flox Wine and Spirits на **03 9464 7299** или **info@floxwines.com.au**. Bottled by Kabina Distilling Company.

www.kabinadistilling.com




EZEVO 700ML 40%

EZEVO BLACK 500ML 47%

EZEVO GOLD 700ML 40%

# Одлука на Владата: Контингентот на АРМ во Косово ќе се засили со уште 35 војници



Македонската Влада донесе одлука за изменување на одлуката за испраќање на припадници на Армијата за учество во НАТО операцијата „КФОР“ во Косово.

„Со одлуката е предвидено зголемување на учеството на припадниците на Армијата на Република Македонија во операцијата „КФОР“ во Република Косово со дополнително испраќање на еден вод од 35 лица. Одлуката е донесена врз основа на препораките на високите воени претставници во НАТО и заклучоците донесени на состанокот на началниците на Генералштабовите на земјите членки на иницијативата за соработка во одбраната, а со цел зајакнување на безбедноста и сигурноста на Република Косово“, велат од владината прес-служба.

За учество во НАТО операцијата се испраќаат 70 припадници на Армијата за период од шест месеци, сметано од ноември 2023 до мај 2024 година.

Со оваа измена на Одлуката, вкупниот број со кој Армијата на Македонија ќе учествува во операцијата „КФОР“ во Косово ќе изнесува 101 припадник.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: (03) 9404 2990
Mobile: 0403 152 671
Email: denes@westnet.com.au

# Кои се најзадолжените, а кои најмалку задолжените држави во ЕУ?

Грција е меѓу најзадолжените во европското семејство, а Бугарија е во обратна позиција. Грција и Италија се држави со најголем државен долг во Европската Унија(ЕУ), а Естонија и Бугарија најмалку задолжени. Податоците ги објави „Евростат“.

Највисок коефициент на државниот долг во однос на БДП на крајот на вториот квартал од годинава имала Грција од 166,5%, и таа е пред Италија од 142,4%. Франција има долг од 111,9%, Шпанија од 111,2%, Португалија од 110,1% и Белгија од 106% од БДП.



Останува да важи изреката „должен како Грција“

Најниско ниво на државниот долг споредено со БДП имала Естонија од 18,5%, пред Бугарија од 21,5%, Луксембург од 28,2%, Данска од 30,2% и Шведска од 30,7%.

Но, има и земји каде долгот се намалува. На квартално ниво во 2023 година, во девет држави членки на ЕУ има зголемување на односот на долгот кон БДП, а во 18 има намалување.

# Прилеп: По 100 лица во просек годишно наплаќаат отштета за каснување од куче, Општината се сомнева дека повеќето се лажни случаи



Во 2022 година Општина Прилеп заедно со ЈКП „Комуналец“ исплатиле над A$165,000 како отштета кон граѓните за каснувања од кучиња скитници. Во просек, заедно со сите трошоци, по лице од каснување од куче се исплаќале по A$1,650. Иако уште не е пресметано, слична сума се очекува да се исплати и оваа година. Но во Општината се сомневаат во овие големи бројки на пријавени граѓани.

Градоначалникот на Прилеп, Борче Јовчески, побарал од Обвинителството да ги преиспитаат случаите зашто се сомнева дека има манипулации поради големата бројка на пријавени лица каснати од кучиња и методологијата како се докажува и верификува веродостојноста на повредите.

Наплив на кучиња скитници во Прилеп имало особено во пазарните денови - среда и сабота - кога несовесни граѓани ги носеле тука од соседните општини. Дури и ако кучето било претходно заловено, вакцинирано и има маркица доколку касне некого казната повторно ја плаќа ЈКП „Комуналец“.

Access over 60 lenders in one place
Loan Market Bundoora
COMMERCIAL LOANS
RESIDENTIAL LOANS
INVESTMENT LOANS
DEVELOPMENT LOANS
BUSINESS LOANS
REFINANCING
Stefan Belevski
0400 101 292
stefan.belevski@loanmarket.com.au
Jim Belevski
0419 547 347
jim.belevski@loanmarket.com.au
9467 8887
Suite 1, 20 Enterprise Drive, Bundoora Vic 3083



LOVE & CO
LOVE REAL ESTATE
При продавање и купување на недвижности во северните предградија на Мелбурн: од Норткот до Витлси и Волерт, за да добиете најдобар резултат во секое време зборувајте со
ILIA MENKINOSKI
0417 528 100
ilia.m@lovere.com.au
Love Real Estate Thomastown
201 High Street, Thomastown
www.loverealestate.com.au 9465 2133



**МАКЕДОНСКИОТ КОНЗУЛАТ ВО МЕЛБУРН СО ИЗЛОЖБА "ЛА ФОЛИ":**

# Промоција на македонската култура и уметници

**Настан за привлекување на вниманието на универзалната тема за заштита на животната средина и предизвиците што ги носи нејзината комерцијализација и деградација**



*Изложба „La Folie" свечено се отвори во Македонскиот конзулат минатиот четврток*

Минатиов четврток, во Мелбурн, настојувајќи да се промовира македонската култура и уметници, како и македонско-австралиските културни врски, во Генералниот конзулат на Македонија беше отворена изложба на фотографии на македонско-австралискиот уметник и фотограф Марјан Стојковски. Темата на изложбата наречена "Ла Фоли", во која тој се осврнува е прекумерната комерцијализација на природните богатства и ресурси, свртувајќи внимание врз нивното еколошки неодговорно искористување.

Пред претставниците од конзуларниот кор и од македонската заедница се обратија и Тим Кејн, директор на Канцеларијата за Викторија на МНРиТ на Австралија и д-р Мелентие Пандиловски, уметнички директор и куратор во „JOLT Arts" во Мелбурн.



*Фотографот од Мелбурн, Марјан Стојковски, се претстави со серија фотографии*

Присутните можеа да ги видат и експонатите од филигранскиот сребрен накит, рачна изработка на Ирена Павловска.

Марјан Стојковски е роден 1965 година во Скопје, а последните две децении живее и работи во Австралија. Тој има диплома за ликовни уметности и уметничка фотографија (со почести) на Факултетот за ликовни уметности на Кралскиот институт за технологија во Мелбурн во класата на професорот Лес Вокинг. Делата на Марјан се водени од секојдневието и изобилуваат со динамика и немир, стопени со примеси на меланхолија. Неговата практика и уметничко изразување се протегаат низ широк спектар на медиуми, вклучувајќи фотографија, графика, мешани медиуми и работилници за животно цртање. Тој имал неколку самостојни изложби, а учествувал и на групни изложби во Австралија и Македонија. Дополнително, Стојковски се вложува во областа на арт терапијата, инспирирана од лицата со попреченост со кои соработува долги години.

# РОК НА ТРАЕЊЕ? ТОА Е БЕСМИСЛЕНО!

**Германија прави голема промена, ќе укинува краен датум на користење за некои производи**




Во Германија се најавуваат големи промени во однос на досегашните начини на продажба на храна која има долг рок на траење.

Имено, по предлог на германскиот сојузен министер за земјоделство Џем Оздемир, како што пренесува магазинот „Феникс", се подготвува теренот за промена и исфрлање на рокот на употреба на долготрајни прехранливи производи како што се чаевите, оризот или пак мед. За овие производи, според нив повеќе не треба да има рок на употреба.

- Рокот на траење за таквите производи е бесмислен. Ова треба да помогне да се намали и фрлањето храна, рече Оздемир кој е член на Зелените.

Тој очекува и Комисијата на ЕУ да предложи обврзувачки регулативи за Европската унија.

Според податоците, во ЕУ секоја година се создаваат речиси 59 милиони тони отпад од храна - околу 130 килограми по жител.






### ГОЛЕМИТЕ КОМПАНИИ НА „НИШАН":

# Казни за неодговорните работодавци

**Ана Бут**, новоименуваниот омбудсман за правична работа, вети воведување на нови кривични казни, кои допрва треба да бидат законски пропишани, против работодавачите кои намерно не плаќаат или на кој било начин избегнуваат исплата на соодветен надомест на своите работници. Таа вели, ризикот од строги кривични санкции, вклучувајќи и потенцијална затворска казна, ќе биде главна пречка за итрите шефови доколку сојузниот парламент ги усвои предложените закони за спречување на кражба на платите и суперануацијата.

*„Кога ќе се донесе законот и ќе има кривична одговорност, тогаш би можеле да се определат кривичните казни, а во краен случај и затворските"* - рече **Бут**.



Според неа кривичните казни, доколку се донесат, ќе бидат исклучително добар општ фактор за одвраќање на работодавците да не ги плаќаат работниците.

**Ана Бут** во септември го почна својот петгодишен мандат како омбудсман, по долгогодишно искуство во односи на работното место, вклучувајќи и осум години како заменик-претседател на Комисијата за правична работа од 2012 до 2020 година.

Својата кариера ја почна во синдикалното движење во доцните 1970-ти во конфекциската индустрија, беше сведок на случаи на недоволно платен труд и експлоатација.

*„Во тоа време речиси секојдневно гледав жени кои беа „приковани" за машините за шиење, како добиваат инфекции на уринарниот тракт и повреди поради работата што ја работеа"* - се присетува **Бут**.

Според неа, има одредени групи работници кои се поранливи од другите, како што се младите и работниците мигранти, особено оние кои се со визи, бидејќи често или не се свесни за своите права или се плашат да проговорат.

Неодамна, канцеларијата на омбудсманот го покани Сојузниот суд да бара максимална казна против *Комонвелт банка* во врска со наводните неисплатени заработувачки од $16 милиони на вработените.

**Ана Бут** смета дека максималната казна е осмислена да испрати порака до големите работодавци дека нема да се толерира „кратењето" од работниците.

Во последниве години, омбудсман за правична работа таргетираше голем број организации поради недоволните исплати, меѓу кои се *Вулвортс, Колс, Квантас* и *ABC,* кој се согласи на „исплата за покајание" во износ од $600.000 и се обврза да ги ревидира своите системите за мерење на работното време. Портпаролот на омбудсманот вели до крај ќе се следи обврската на *АБЦ* во врска со неправилната исплата на околу 1.900 вработени. Портпаролот рече дека *ABC* платила над $12 милиони, плус камати и придонеси за пензија.

## Фарма со големина на Белгија



Во *Брум*, во регионот *Кимберли* во *Западна Австралија*, се продава голема парцела на земјоделско земјиште. Имено, парцелата се простира на 2.906.483 хектари и се состои од седум пастирски закупи, пет подзакупи и договор за сточарство.

За споредба, понуденото земјиште има приближно иста површина како *Белгија*, која се простира на 3.068.800 хектари, а е поголема од *Словенија*, која покрива 2.027.300 хектари. Агентите **Елизабет Дојл**, **Дени Томас** и **Сајмон Вилкинсон** од *LAVD*, кои го продаваат земјиштето, моментално собираат понуди за купување.

*Рабобенк*, специјалист за агробизнис банкарство, во своите нај-нови податоци, открива дека цената на земјоделското земјиште во *Западна Австралија* е $6.000 по хектар, по забележаниот раст од 22.5 отсто во 2022 година. Иако е јасно дека се работи за астрономска сума пари, според **Дени Томас**, директор на агенцијата *LAVD*; - *„добивме многу висок интерес од голем број домашни и странски групи клиенти"*. Собирањето понуди трае до 9 ноември, а секако ќе биде интересно да се слушне колку ќе изнесува најдобрата понуда.

## Робот-ѕидар постави нов рекорд



Австралиската компанија *FBR* го претстави новиот робот-ѕидар *Hadrian X*, кој може да прави ѕидови со рекордна брзина. Роботот на прв поглед делува како обичен камион со голем крак од 32 метри, кој му служи како рака за ставање блокови и може прецизно да поставува до 300 цигли на час. *Hadrian X* за ѕидање користи големи блокови тешки 45 кг со димензии 600 х 400 х 300 мм и може да постави околу 70 квадратни метри ѕид секој час, што е отприлика 1/4 од терен за тенис, а од FBR очекуваат роботот да стане уште побрз, односно дека наскоро ќе може да поставува 500 блокови на час.

Роботот-ѕидар функционира така што работници носат палети со блокови, кои се ставаат во задниот дел од роботот, а потоа машината ги распакува и по потреба ги сече со кружна пила. Потоа се испраќаат една по една низ кракот, обоени со специјално градежно лепило наместо со малтер и се поставуваат на местото каде што се гради. Сушењето на лепилото трае само 45 минути, после што ѕидот е сув, цврст и безбеден.

Телескопскиот крак за градење е доволно долг да може да се поставуваат блокови до висина од трикатница и во секакви временски услови да се работи 24 часа на ден.

Во оваа фаза роботот може да гради побрзо од луѓето, но не е целосно прецизен во поставувањето на блоковите. Сепак, од *FBR* велат дека после дополнителните тестирања и калибрирањето наскоро роботот ќе стане мајстор-ѕидар и ќе може целосно да ги замени во градежништвото.


Austral
aluminiumproducts
Commercial Available



Ние веруваме дека нашите производи се најдобри, ама не морате да ни верувате само на збор. Слободно споредете ги со производите на конкуренцијата. Убедени сме дека ќе го направите најквалитетниот избор.

Најдобрите и најквалитетни алуминиумски прозорци и врати, со светски дизајн и врвен квалитет, по најповолни цени ќе ги најдете кај нас

Ph.: (03) 9357 4177
Factory 4/1497 Sydney Rd Campbellfield VIC веднаш до (BP fuel)
www.australw.com.au





Др. Сузана Котевска
СПЕЦИЈАЛИСТ ГИНЕКОЛОГ - АКУШЕР
ВИ ГИ НУДИ СЛЕДНИТЕ УСЛУГИ И СОВЕТИ
- Водење на бременост, прегледи и породување
- Гинеколошки операции
- Гинеколошки прегледи и совети за болни менструации
- Лекување на стерилитет
- Пап тест
- Климактерични тегоби
- Совети за контрацепција
- Проблеми со бешиката

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН Е УПАТ ОД ВАШИОТ ФАМИЛИЈАРЕН ДОКТОР
Level 1, 117 / 320 Victoria Parade East Melbourne, 3002
Inside Epworth Freemasons Medical Centre
Tel: 9419 8333 Fax: 9415 9998
email: stelaobs@bigpond.com

# Потрошувачите продолжуваат да ги намалуваат трошоците

Месечниот индекс *CommBank индекс за потрошувачка на домаќинствата (HSI),* кој го пресметува и објавува Комонвелт банката, поголем е за 0.5 отсто, и во септември изнесуваше 137.4. Растот пред се е поттикнат од зголемената потрошувачка за угостителски услуги, храна и пијалоци, како и повисоките цени на бензините и зголемената потрошувачка за образование. Меѓутоа, потрошувачката падна во пет од 12-те основни категории на *CommBank HSI* индекси, вклучувајќи ги рекреација, комунални услуги, здравје, производи и услуги за домаќинството. Имено, годишниот раст на потрошувачката падна за 1.8 отсто од максималниот износ од 18.7 отсто во август 2022 година, што е значително под сегашната стапка на инфлација и покрај силниот раст на населението. Одвоениот индекс за купување куќи, исто така падна за 0.4 отсто во септември.

Овој индекс се заснова на повторно идентификуваните податоци за плаќање, кои се земени од околу седум милиони клиенти на *Комонвелт Банка*, кои сочинуваат приближно 30 отсто од сите трансакции на австралиските потрошувачи.

Училишниот распуст и финалните натпревари во *AFL* и *NRL* лигите, помогнаа да се зголеми потрошувачката за угостителски услуги за 2.7 отсто во септември, со зголемена потрошувачка во пабови, барови, продавници за брза храна и ресторани. Зголемената потрошувачка во продавниците за алкохол и повисоките цени, исто така влијаеле и на растот на потрошени пари за храна и пијалоци за 2.2 отсто.

Индексот, покажа и дека трошоците за транспорт се повисоки за 1.5 отсто во септември, што е одраз на зголемување од три отсто на цената на бензинот. Продолжи и високата потрошувача за образование, која се зголемени за 1.4 отсто поради зголемувањето на бројот на странски студенти на универзитетите. Главниот економист на *CBA*, **Стивен Халмерик**, вели месечното зголемување на индексот на *CommBank HSI* се стабилизирал на 0.5-0.6 отсто од јуни, во однос на просечното зголемување од 0.2 отсто од февруари до мај.

Неодамнешните податоци за потрошувачката на домаќинствата се покажаа поотпорни од очекуваното. Дел од тоа зависи од цените, но исто така е одраз на силниот раст на приходите поради слабата понуда на работна сила на пазарот и акумулираните заштеди.

*„Иако годишната стапка на раст на потрошувачката и понатаму е слаба, порастот на Commbank HSI индексот во септември покажува дека се уште постои ризик Банката за државни резерви да ги зголеми каматните стапки на готовината во ноември. Претстојните податоци за индексот на потрошувачки цени (CPI) и платите за третиот квартал од 2023 година ќе бидат критични за идната насока на каматните стапки*" - оцени **Халмерик**.

Инаку, *CommBank HSI* индексот ги користи сите трансакции со кредитни и дебитни картички на *CBA* (вклучувајќи плаќања со банкомат, *BPAY* и директно задолжување) за секој месец да ја прикаже националната и државната потрошувачка на потрошувачите во *Австралија*. Новите податоци за 2023 година се очекуваат на 13 ноември.

Покрај тоа, *CBA* посочува дека *„увидот во потрошувачката на домаќинствата*" не е инвестициско истражување, ниту пак има намера да дава било какви препораки.

## Трендови на раст и пад на потрошувачката

| Категорија на потрошувачи | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|
| Угостителство | +2.7% | +3.4% |
| Храна и пијалоци | +2.2% | +3.7% |
| Транспорт | +1.5% | -1.6% |
| Образование | +1.4% | +11.5% |
| Комуникации | +0.8% | +5.3% |
| Осигурување | +0.8% | +12.3% |
| Моторни возила | +0.4% | +1.0% |
| Прозиводи за домаќинство | -0.1% | -2.9% |
| Услуги за домаќинство | -0.8% | -9.2% |
| Здравство | -0.9% | +5.6% |
| Комунални услуги | -1.0% | 0.0% |
| Рекреација | -1.8% | +3.6% |

### Растот на потрошувачката е највисок во Викторија

*Викторија* бележи најголем вкупен раст на потрошувачката меѓу државите, поттикната првенствено од големото финале на *AFL.* Потрошувачката скокна за 1.5 отсто во однос на претходниот месец. Со ова се промени неодамнешниот тренд, Викторија да има најслаб раст на месечната потрошувачка, но и понатаму е со слаб годишен раст на потрошувачката со само 0.2 отсто. *ACT*, исто така, бележи раст на потрошувачката од 1.5 отсто во септември, *Северната територија* имаше 1.4 отсто, а *Западна Австралија* 1.3 отсто. *Нов Јужен Велс* и *Квинсленд* забележаа скромен месечен раст на потрошувачката од 0.6 отсто, а *Јужна Австралија* од 0.5 отсто. Единствено *Тасманија* бележи пад на потрошувачката на домаќинствата, и тоа за минимални 0.1 отсто.


**СЕ БАРА РАБОТНИК**

***за инсталирање дрвени и железни огради за северниот дел од Мелбурн (не мора да имате искуство), се плаќа кеш. За повеќе информации јавете се кај Никола на: 0402 913 539***


## СООПШТЕНИЕ ПЕТКОВ ДЕН

Селското социјално друштво *Будимерци (Св. Никола)*, ги известува сите членови дека славата *"Петков ден"* ќе се одржи на 21 октомври во *Фераро рецепција* која се наоѓа на *14 Onslow Ave Campbellfield* со почеток во 18 часот. За карти и информации јавете се кај: **Косте** на тел: **0431 360 291**, **Ило** на тел: **0423 774 147** или **Ристе** на тел: **0432 789 698**


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES LAWYERS

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000

# Конечно нови амбасадори: во Кина после 7, во Србија после 6 а во Израел после 5 години



Македонија има 42 амбасади низ светот а повеќе од третина се празни со години. Така, на пример, амбасадата во Пекинг е без амбасадор цели 7 години, онаа во Белград речиси 6, а во Тел Авив повеќе од 5 години. Вакавиот модус операнди на МНР просто стана дел од фолклорот дома.

Антонио Милошоски, член на ИК на опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ и поранешен министер за надворешни, ги критикуваше Пендаровски и Османи дека ненавремено именувале амбасадори, со што нанеле значителна штета во економски и трговски загуби за Македонија, ги попречиле можностите за промоција на туризмот, културата и образованието и негативно влијаеле на важната размена на безбедносни информации со Израел.

Нов амбасадор на Македонија во Бразил ќе биде Игор Попов, дипломат од кариера. Професорот од Правниот факултет во Скопје, Никола Тупачевски, поранешен министер за правда оди во Белград, а драматургот и писател Сашко Насев во Кина.

На листата на нови македонски амбасадори се и имињата на Илбер Села, директорот на Агенцијата за примена на јазикот што го зборуваат најмалку 20 проценти од граѓаните кој ќе замине во Берлин, а поранешниот градоначалник Андреј Жерновски оди во Букурешт.

Во Израел и Полска ќе патуваат Шпенд Садики и Јасмин Ќахил, двајцата вработени во МНР. Во Шведска заминува Џеинг Сејфула, а амбасадор во ОБСЕ ќе биде Пајо Авировиќ.

Овие седум кандидати веќе реферираа пред собраниската Комисија за надворешна политика за своите проекти и планови во дипломатските активности, со што се финализира постапката пред нивното заминување во соодветните амбасади.

## Татко и две мали деца се меѓу петте македонски државјани што чекаат евакуација од Газа

Во Газа се наоѓаат блокирани вкупно петмина македонски државјани за кои МНР бара начин да ги евакуира. Освен брачниот пар сега се откриени татко со две мали деца. За двете деца е издаден патен лист (бидејќи никогаш немале македонски пасош) додека за сопругата односно нивната мајката е издадена македонска виза (таа е Палестинка).

- Ќе зависи од египетските власти дали ќе дозволат таа да излезе од Газа. Ние ќе инсистираме но нашата амбасада во Тел Авив не е акредитирана за палестинските територии. Неколку држави имаат формални релации со нив, но ние немаме и тоа е политичка одлука, но конзуларна заштита за Западниот Брег нудиме од Амбасадата во Тел Авив, а за Газа преку Амбасадата во Египет, рекоа од македонското МНР.

Сите пет државјани се ставени на листата за евакуација, за што се чека одлука за отворање на граничниот премин Рафа, од страна на Египет.

### МИЦКОСКИ:

# Ќе зажалат и судиите од нашите тефтерчиња - во овие 30 години не одговарал ниту еден бандит кој се збогатил на грбот на овој народ



Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Христијан Мицкоски во својот говор по повод 23 Октомври – Денот на Македонската револуционерна борба и 130 години ВМРО, истакна дека одвратно и со мачнина е за гледање сликата со која ја уништуваат правдата, и тоа оние кои скокаа на ладата и збореа за правда кога беа опозиција.

Мицкоски потенцираше дека во овој момент во Македонија нема вистинска одговорност и овие 30 години не одговарал ниту еден бандит кој на грбот на овој народ се збогатил.

– Судиите од (нашите-н.з.) тефтерчиња станаа нивни слуги, но само треба да знаат, гледајќи ја нивната лукавост, дека нема во новата влада на доаѓање на ВМРО-ДПМНЕ да најдат нова преграткa, туку и тие ќе се соочат со правда. Може криво да седат, ама требале право да судат. Срамот и вината за секоја неправда е на оваа власт, истакна Мицкоски.

Тој додаде дека затоа важно е да се бориме за неселективна правда, за вистинска правда која ќе биде за секого.

– За секој еден човек во Македонија. За правда која ќе го заштити народот од неправда, каде ќе профункционира судството и обвинителството. Каде ќе има страв од казна и законот ќе важи за секого. Член на ВМРО-ДПМНЕ бил или на друга партија ако стори криминал ќе одговара, изјави Мицкоски.

Тој посочи дека оваа влада ја елиминира правдата со неправда.

LIVER - BLE - JUICE
ПОМАГА ПРИ ЗАБОЛУВАЊЕ НА ЦРНИОТ ДРОБ (ЏИГЕРОТ)
ЗАМАСТЕН ЦРН ДРОБ / ЦИРОЗА
ХЕПАТИТ Б И Ц
ПРИ БОЛЕСТИ НА ЦРНИОТ ДРОБ И БУБРЕЗИТЕ
НИЕ МОЖЕМЕ ДА ВИ ПОМОГНЕМЕ ДА БИДЕТЕ ЗДРАВИ КАКО ПОРАНО
ПОГЛЕДНЕТО ГО ВИДЕОТО ЗА ОВОЈ ЛЕК:
https://youtu.be/yoeKUKgiz8U
ПИЈАЛОКОТ Е РЕГИСТРИРАН ВО ASIC - ПАТЕНТИРАН Е И ГИ ИМА СИТЕ ДОЗВОЛИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ДИСТРИБУЦИЈА
ПРИМАМЕ НАРАЧКИ ОД ЦЕЛА АВСТРАЛИЈА
ВАСКО ЗБОРУВАМЕ МАКЕДОНСКИ
ТЕЛ: 0410 403 667
E-MAIL: support@liver-ble.com.au
www.liver-ble.com.au
6 Walsh St, Preston 3072, VIC




Reg. No. A0042461G
АХАМ BRIDGE OF HUMANITY
ABN 93 019 262 123
АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА
Места каде се издаваат и примаат кутиите
ВИКТОРИЈА
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
ЏИЛОНГ: Коста 0401 550 841
АЛТОНА: Јован 9314 8585 ,0434 088 440
АРДИА: Милорад и Сенди 9363 3635
БАНДУРА: Филимена 9467 8027
БОКС ХИЛ-РИНГВУД: Гоце 0431 518 568
ДАНДЕНОНГ: Борката 9795 6305, 0411 767 613
КИЛО-СЕНТ АЛБАНС: Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС: Целе Бељановски 9337 3931
ЛАЈЛОР ЕПИНГ: Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
МЕЛТОН: Драги 0419 325 848
ПРЕСТОН – НОРТКОТ: Валентина 0451 820 045
ПРЕСТОН: Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
РЕЗЕРВО: Ило 9460 7802, 0432 654 251
СЕНТ АЛБАНС: Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
ЈАРАВИЛ: Трена 9687 4663
НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС
СИДНЕЈ: Љупчо 0415 801 989
АРНКЛИФ: Горан 0414 597 595
БЕНКСТАУН – ЈАГУНА: Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
КАНЛЕЈ ВАЛИ: Илија 9754 2287
РОКДАЕЛ: ВМ Центури Травел 9587 5493
КАНБЕРА – КВИНБИЈАН: Душица 0404 149 965
ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА: Васко 0450 484 418
ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА
АДЕЛАИД: Драго 08 8345 1381
ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА
ПЕРТ: Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874
КВИНСЛЕНД
БРИЗБЕН: Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225
Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса



# Д-р Александар Мишев - единствениот очен хирург во Источна Македонија, има над 100 операции месечно а над 700 пациенти се на листа на чекање



Доктор Александар Мишев, раководител на Очното одделение на Клиничката болница во Штип,речиси цела декада е единствениот офталмолог специјалист кој врши операциони зафати на очите и лекува очни болести на пациенти од цела Источна Македонија.

Како резултат на тоа, на листата на чекање постојано има од 700 до 800 лица. Очното одделение опслужува регион со пола милион жители во Источна Макдонија. Ги има од сите градови: Кочани, Берово, Делчево, Пробиштип, Радовиш и од сите соседни во овој крај, а најмногу се од Штип.

- Дванаесет години сум во штипското Очно одделение кое е од регионален карактер и ги покрива потребите на пациентите од цела Источна Македонија, па и пошироко. Првите години имав неколку колеги специјалисти, но набрзо поради заминување во пензија или со одредени трансфери се случи Очното одделени да остане само со двајца специјалистии. Со сплет на објективни околности, операциони зафати вршам само јас, вели д-р Мишев за порталот „СДК.мк“.

Според него на Очното одделение во Штип за девет месеци се реализираат по 1.000 операции, претежно на катаракта (перде). Операции нема само за време на летниот период кога се годишните одмори и на крајот од годината. Месечно во ова Одделение се вршат и по 100 операции само на катаракта.

Тој вели дека работата не е само во такви хирушки случаи, туку имаат ангажмани и со секојдневните прегледи и контроли на пациенти кои имаат проблеми, на пример, со дијабетичната ретинопатија, болест која е мошне проширена кај луѓето со зголемен шеќер и такви откриваат од 10 до 15 месечно, потоа високиот очен притисок или болеста глауком која е прогресивна, се оштетува очниот нерв и доведува до ослабување на видот, па и до можно слепило.

# Родена четворка во Штип, мајката без право на платено породилно отсуство



Три момчиња и едно девојче се новите рожби на штипјанката Благица Зикова.

Благица се породи на ГАК во Скопје, во 31-та недела од бременоста. Сите бебиња се во добра здравствена состојба.

Оваа четворка е втора по 27 години во Штип. Првата родена четворка била во 1997 година.

Штипскиот градоначалник денеска изјави дека со радост ја примил убавата вест и вети сестрана и сесрдна помош од општината за многудетното семејство.

- Еднократно парично ќе помогнеме како општина за семејството, но и дополнително. Ќе искомуницирам со членовите на семејството за одблизу да се информираме и осознаеме за економскиот статус на самото семејство и потребата од дополнителна поддшка во рамки на нашите надлежности. Ова се убави вести кои заслужуваат поддршка не само од институциите, туку и од сите добронамерници - изјави штипскиот градоначалник Иван Јорданов.

По 5 години во брак ова се првите дечиња на штипјаните Благица и Александар Зикови. Зачнати се ин витро на клиника во Турција. Новороденчињата се родени со тежина од килограм и 150 грама до килограм и 350 грама, а се долги 31 сантиметар. Бебињата Михаил, Теодор, Ведран и Леонтина во моментот се во инкубатор, зашто се родени порано. Таткото Александар е вработен, ама мајката Благица нема да може да добие платено породилно отсуство од 9 месеци зашто и недостасуваат две недели за да го исполни критериумот од шест месеци од кога е работно пријавена, бидејќи малите побрзаа и се родија предвреме. Се надева дека надлежните ќе им излезат во пресрет и ќе може да остане да се грижи за своите 4 чеда.

# Тајна средба на македонско-бугарската историска комисија

Во Софија минатата седмица се одржа нова работна средба на членовите на мешовитата македонско-бугарска историска комисија. Првпат по основањето на оваа комисија во 2017 година и македонската и бугарската јавност немаат информации што се случило. По средбите досега секогаш имало или соопштенија за јавноста или изјави на претседателите на комисијата или информации од министерствата за надворешни работи на двете земји. Овојпат тоа изостана.

Во Бугарија ова се толкува како резултат на изборот на новата бугарска влада на 6 јуни и новите препораки од бугарското МНР за воздржаност од коментари и соопштенија поврзани со работата на комисијата за историски и образовни прашања. Се претпоставува дека оваа препорака била испратена и до македонснкото МНР, кое очигледно ја прифатило.

Уште од самиот почеток работата на оваа мешана експертска комисија за историски и образовни прашања беше проследена со бројни контроверзи и незадоволства од сработеното од обете страни. Дел од заедничките препораки на оваа комисија само уште повеќе ги вжешти ионака лошите македонско-бугарски односи. Посебно беше забележливо дека бугарскиот дел од комисијата има „воинствени“ членови кои постојано провоцираат.

Досега оваа комисија ги усогласи препораките за заедничко одбележување на св. Кирил и Методиј, св. Наум Охридски, св. Климент Охридски и цар Самоил, како и пет препораки за учебниците по историја за петти клас во Бугарија и за шесто одделение во Македонија што се однесуваат на периодот на антиката. Се усогласуваат отворените прашања за Охридската архиепископија, за Гоце Делчев, за Илинденското востание...




ДИРЕКТНО ОД ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ
ДОМАШЕН И УВОЗЕН КАМЕН
ВРВЕН СВЕТСКИ КВАЛИТЕТ
310 MAHONEYS ROAD, THOMASTOWN 1300 696 896
UNIT 3/177 ARTHUR ST., ROOKWOOD, NSW 9746 6966
STORE LOCATION IN VIC: THOMASTOWN 9359-0898 | SPRINGVALE SUPASTORE 9548-4199 | DANDENONG 9706-8108
DANDENONG SOUTH 9706 4486 | SPRINGVALE 9540-8807 | NUNAWADING 9890-1118 | FOOTSCRAY 9689-8882
STORE LOCATION IN NSW: ROOKWOOD (02) 9746 6966 | MATRAVILLE (02) 8608 2436 www.johnstonemartmemorials.com.au

АВСТРАЛИСКИ ВЕСНИК ВО 1903:

# Борис Сарафов е автор на паролата Македонија на Македонците

На 31 октомври 1903 година австралискиот весник „Kalgorlie Miner“ (WA) пишува за главниот организатор на востанието во Македониј,а Борис Сарафов. Тој не е Бугарин, туку вистински Македонец, пишува во весникот уште во 1903 година.

Понатаму пишува дека Борис Сарафов бил роден во Либиаково, Неврокоп, во 1876 година. Основно образование завршил во Бугарија, а воена академија во Петербург. Беше дел од бугарската армија и во тоа време се залагаше за обединување на Македонија со Бугарија. Подоцна тој ги сменил своите ставови, наведува весникот, и станал голем поборник за основање на нова балканска држава – Македонија. Тогаш тој велеше – Македонија на Македонците. Поради тоа беше апсен во Софија и протеран од Бугарија. Потоа се приклучил на македонското движење.

Во 1902 година целиот европски печат ја пренесува неговата изјава: „Ние Македонците не сме Срби, не сме Бугари, ами просто Македонци“. Оваа изјава подоцна станува насловно мото на сите изданија на македонската колонија во Санкт Петербург.



*Споменикот на Борис Сарафов од пред МНР во 2016 година беше тргнат наводно за да не биде оштетен од градежните работи на соседниот објент. Со години стоеше во дворот на леарницата на МЗТ*

Сарафов во 1902 г. за весникот на “Македонски глас“, Санкт Петербург (издаван од Димитрија Чуповски и соработниците) рекол:

“Ние Македонците не сме ни Срби, ни Бугари, туку просто Македонци. Македонскиот народ суштествува (постои,егзистира) одделно и од српскиот и од бугарскиот. Ние ги симпатизираме и едните и другите, кој ќе ни помогне да се ослободиме, нему ќе му речеме благодарам, но србите и бугарите нека не забораваат дека Македонија е само за Македонците.“

А во април 1901 година за британскиот „Лондон тајмс“ Сарафов вели:

„Кардинална грешка е да се претпоставува дека ние сакаме да ја добиеме Македонија за сметка на Бугарија. Ние Македонците се сметаме себеси за целосно одделен националèн елемент и воопшто не сме склони да дозволиме нашата земја да биде земена од Бугарија, Србија или Грција. Всушност, ние ќе се спротивставиме на таков вид припојување со сета наша моќ. Македонија мора да им припаѓа на Македонците.“





LEADER OF THE MACEDONIAN REVOLT.

The generalissimo and chief organiser of the formidable insurrection in Macedonia, Boris Sarafoff, is still quite a young man. He is not a Bulgarian, like many of the other rebel leaders, but a real Macedonian, having been born at Libiakhovo, near Nevrokop, in 1876. When still a boy he was sent to Bulgaria for his elementary education. Afterwards he proceeded to St. Petersburg, and completed his studies at the Military Academy in that city. He then entered the Bulgarian army, and proved a very capable officer. He distinguished himself in 1895 at the siege of Melnik, which he captured by a coup de main. In 1899 he resigned commission. The first years of his public life he devoted to promoting the interests of Bulgaria in Macedonia, encouraging the idea that Macedonia should belong to Bulgaria. But he afterwards changed his mind, and he is now giving all his energies to the formation of a new Balkan State, for which he has adopted the formula, "Macedonia for the Macedonians." The result has been that he has ceased to be a "persona gratissima" in Sofia, and not very long ago he was arrested and expelled from the Principality. His change of views resulted in a serious split in the Macedonian Committee, which for a time paralysed the revolutionary movement, but this has lately been healed, and Boris Sarafoff is now at the head of the whole movement.

Boris Sarafoff.




КРВАТАТА ВОЈНА ВО СКОПСКОТО ПОДЗЕМЈЕ ПРОДОЛЖУВА:

# Пукање во скопскиот трговски центар „Ист Гејт“

МВР трага по лице во бел блузон, црна капа и слушалки кое во вторникот се обиде да го ликвидира скопјанецот Раде Трајковски – Штекли во трговскиот центар „Ист Гејт“ во Скопје. Вооружениот напад се случил околу 15 часот на ескалаторот кој води кон подземните гаражи каде Трајковски го паркирал неговиот автомобил. Трајковски и неговот пријател се симнуваат кон гаражата, заминувајќи од фитнес-центарот кадешто претходно вежбал, и на снимката од ндзорните камери јасно се гледа како приоѓа напаѓачот и од непосредна близина со пиштол пука кон нив. Трајковски и неговиот пријател се погодени со по неколку куршуми.

Двајцата ранети се префрлени во болница - пријтелот имал полесни повреди и опериран е во Градската клиника за хируршки болести „Наум Охридски“ а Трајковски е препратен на Клиниката за торакална хиригргија поради повредите во стомакот и градите.

Првичните информции беа дека двајцата се во стабилна но животозагрозувачка состојба.

Полицијата преку снимките од безбедносните камери обезбеди и објави слика од напаѓачот со апел до граѓаните веднаш да пријават доколку го забележат или го знаат неговиот идентитет.

## Втор обид за ликвидација на Штекли

Инаку Трајковски и на 25 август годинава беше мета на вооружени напаѓачи кои се обидоа да го ликвидираат на истото место, во гаражниот простор на „Ист Гејт“. За разлика од денес, тогаш тој беше во неговиот автомобил што му го спаси животот и мина неповреден. Автомобилот на напаѓачите беше најден напуштен и запален во околината на скопското село Грчец.

Штекли има скоро 40 години и е дел од т.н „Барон“ криминална група од Чаир. Името го добила по кафуле во Чаир, а во неа воглавно се наоѓаат повратници од боиштата од Сирија и Ирак.



Раде Трајковски беше спомнуван за време на истрагата за убиството на Мартин Јанушев на крајот на 2017, но по бегството беше екстрадиран од Србија, одлежа 6-месечна затворска казна за друго дело и не беше осомничен во истрагата за убиството на младиот Јанушев, кој бил поранешен фудбалер.

Штекли беше уапсен во Грција во 2011 како осомничен во Италија за местење на фудбалски натпревари. Трајковски тогаш беше екстрадиран во Италија каде имаше и судење за големиот случај со наместени натпревари во италијанскиот фудбал.

Според информациите двата обида за ликвидација на Трајковски се продолжение на кравиот судир меѓу двете најмоќни криминални групи во Скопје. Пресметката почна во март годинава со двојното убиство во „Шиша бар“ каде беше ликвидиран Јетон Криваљева - Жила и негов близок соработник. Следуваше одмазда во Приштина каде животот го загуби припадник на криминалната група кон која е приклонет и Трајковски а потоа во јули годинава во Грција, во Ханиоти, беше ликвидиран Орхан Бајрами со прекар Оки водач на соперничката криминалната група од скопската населба Дуќанџик.



*Надзорните камери го снимија нападот*

## МАСО ГО НАЈАВИ ДОАЃАЊЕТО НА ПРОЛЕТТА ВО МЕЛБУРН:

# НАБЛИЖУВА ДЕСЕТТИОТ МАКЕДОНСКИ ФЕСТИВАЛ НА ХРАНА И ВИНО






МАСО (Македонско-австралиската организација на заедницата) по десетти пат го организира познатиот Македонскиот фестивал на храната - собир на кој ќе се ужива во македонската храна и музика во сабота, на 4 ноември со почеток во 12:00 (пладне) до 10:00 навечер. Годинава е избрана нова погодна локација која нема да зависи од променливото време во Мелбурн, а адресата е 82 Nelson Pl, во Williamstown. Ова е практично враќање на местото каде и започна овој настан и е само стотина метри оддалечено од паркот.

Дознаваме дека МАСО се погрижиле за добра организација, а тука ќе бидат и специјалните гости од Сиднеј, познатото играорно друштво „Илинден“ од Рокдаел. Тие оваа година ќе земат учество на Македонскиот фестивал на храната и виното заедно со локалните друштва: КУД "Гоце Делчев", КУД “Светлост", КУД ”Јане Сандански“ и ”Бисер“ од Џилонг, а тука ќе бидат и „Бенџо Академи“, Виетнамска традиционална игрорна група, DJ Funky K итн. Покрај добрата храна ќе има и извонреден избор на пијалоци со: „Ezevo“ Rakija, „36 Short“, „Дебортоли“ од Јара Вали и „Дел Вино“ од Македонија.

Богатата традиција на македонската заедница ќе биде достојно прикажана со вкусниот микс на традиционална храна, музика, песни и ора. Покрај забавата, како и минатите години, ќе има и многу разновидна занимација за децата.

Македонскиот фестивал на храната започна во 2012 кога се одржа во Вилијамстаун каде остана и следната година, а после тоа три години се одржуваше во Саут Моранг пред општинската зграда на Витлси, и уште три години во Footscray Park and Gardens, во Фуцкрај. Минатата година, после пандемијата и поплавите беше одржан во Јаравил. Оваа година ќе биде спектакуларен настан кој не смее да се пропушти.

## ПИКНИК ВО МАНАСТИРОТ СВЕТИ НАУМ ВО РОКЛИН

Федерацијата на пензионерите од Западниот дел на Мелбурн и Викторија ве поканува да земете учество на Пикникот кој ќе се одржи во манастирот ”Свети Наум” во Роклин во недела, на 19 ноември. Сите се добредојдени.

За повеќе информации јавете се кај претседателот на федерацијата Илија Јошевски-Мечето на тел: 0418 396 256, или 9367 3091.

# ВО СИДНЕЈ: ПРИЛЕПСКОТО ДРУШТВО ГО ОДБЕЛЕЖА 11 ОКТОМВРИ





Во организација на Прилепското друштво „Методија Андонов Ченто", во Сиднеј се одржа централната македонска прослава на која беше одбележан 11 октомври - Денот на востанието на Македонскиот народ во Австралија.

Со македонски песни и ора и богато македонски мени, Македонците од Сиднеј ги продолжија традициите за чествување на датуми настани и личности од историјата на Македонскиот народ.

Далеку во Австралија, срцата се уште чукаат за Македонија, за родниот крај во Македонија.

- Догодина побројни и повторно заедно, по македонски, со помен и спомен за бројните знајни и незнајни јунаци и борци за слободата и обединувањето на Македонија, - порача Оливер Димовски претседателот на друштвото задоволен за годинашниот настан по повод Денот на востанието на Македонскиот народ.

Од управата изразија и голема благодарност до АРИА Бенд , Маестро Боби Димитриевски и госпоѓа Ирена Цајкиќ кои што волонтираа и ги донираа приходите за добротворни цели.





# Во два дена четворица полицајци изедоа ќотек: во Скопје, Куманово, Ресен и Тетово

Во Спортско рекреативниот центар *„Кале“* во *Скопје* во неделата околу 20:00 часот полицијата упаси малолетник од *Скопје*, поради тоа што за време на одржување на кошаркарски натпревар агресивно се однесувал кон полициските службеници, а потоа физички нападнал еден од нив, додека извршувал службени дејствија.

Исто така, за време на кошаркарскиот натпревар биле приведени и **С.С.**(37), **М.Д.**(34), **Л.Л.**(21), **Л.Г.**(19) и **А.К.**(21), сите од Скопје, поради непочитување на Законот за спречување на насилството и недостојното однесување на спортските натпревари. По целосно документирање на случајот против сите ќе следува соодветен поднесок, информира *МВР* во дневниот билтен.



Во *Куманово*, истаа вечер, во 02:00 часот полициски службеници од *СВР Куманово* го уапсиле **Г.Ј.**(60) од *Куманово*, поради тоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија.

Полицијата во *Ресен* во саботата уапси двајца ресенчани, кои со тврди предмети се нафрлиле врз полицаец кој не бил на работа, но ги затекнал претходниот ден во кражба на дрва.

Во последниот случај, во *Тетово*, малолетник се обидел да прегази полициски службеник.

## Тој што напаѓа службено лице ја напаѓа и државата, ама на ниту еден не му е определен притвор

Одговарајќи на новинарско прашање за нападот врз службено лице од страна на крадци на дрво во селото *Смиловци* што се случи пред две години, од кои дел беа ослободени поради недостиг на докази, **Спасовски** потенцираше дека мерките во овој дел треба да бидат брзи и ефикасни, бидејќи, според него, неказнивоста раѓа нов проблем.

*- Додека јас раководам со Министерството за внатрешни работи, немало определено мерка притвор за напад на службено лице. Тоа покажува дека недоволно се води сметка во овој дел, бидејќи тој што напаѓа службено лице, тој ја напаѓа државата и треба да сноси одговорност,* изјави министерот за внатрешни работи **Оливер Спасовски**.

# Апелација го укина решението на Кривичниот суд дека амнестијата не важи за организаторите на 27 април

Скопска апелација го укина решението на Кривичен, кој одлучи дека амнестијата не важи за обвинетите организатори на настаните од 27-ми април, дознава *Телма*. Ова значи дека судијата кој го води овој судски процес, сега треба повторно да одлучува и да се произнесе. Ова го потврдија од Кривичниот суд, а од Апелација со одговор:

*„Апелациониот суд донесе процесно решение, откако процени дека првостепениот суд не посветил доволно внимание, односно не водел постапка за кривично-правен акт на која ќе ги изведе доказите против обвинетите, туку ценел дали тие подлежат на Законот за амнестија или не. Во прилог на ставот на Апелациониот суд Скопје е и фактот дека вишиот јавен обвинител, бара преиначување на нивните жалби, а во насока на прифаќање на жалбите на четворицата обвинети“*, потенцираа од Апелација од каде најавија дека одлуката ќе биде во целост достапна за јавноста.



Апелација во април годинава ја укина пресудата за организаторите и случајот го врати на почеток во кривичниот суд. Една од главните забелешки и тогаш беше дека Кривичен недоволно образложил зошто ги одбил обвинетите **Трајко Вељановски**, **Миле Јанкиески**, **Спиро Ристоски** и **Владимир Атанасовски** за амнестија. Констатираше дека се занемарени нивните приговори.

На повтореното судење, одбраната реагираше на селективна примена на Законот за амнестија, бидејќи со истиот закон се аменестирани пет пратеници, но не и **Вељановски**. Додека пак **Јанакиевски** и **Ристовски** тогаш немале никакви овластувања.

# Приведен криумчар од Скопје, во „сканиа“ превезувал 63 мигранти

На 16 октомври околу 20:40 часот на локалниот пат с. *Стојаково-Богданци*, полициски службеници од Полициската станица *Гевгелија* го лишиле од слобода **А.Д.**(41) од *Скопје*. При преглед во шлеперот „сканиа“ со светиниколски регистарски ознаки кое го управувал, биле пронајдени 63 лица мигранти, од кои 55 мажи, шест жени и две малолетни лица.

По насоки од јавен обвинител **А.Д.** бил задржан во полициска станица, а мигрантите



биле сместени во прифатно–транзитен центар во *Гевгелија*. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

# ”Успение на Пресвета Богородица” - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *”Успение на Пресвета Богородица”* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



## ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ПОМИРЕН СОН:

# Многу градежни фирми пропаднаа

Големиот број неодамнешни финансиски проблеми со кои се соочуваат градежните компании го покрена прашањето како да се заштитат сопствениците на куќи.

Според адвокатката **Џенифер Дизон**, од *„Хикс Оукли Чесел Вилијамс"* фирма за комерцијални парници и стечај, голем број фактори создадоа совршена клима за колапс на градежништвото во *Австралија*.

*„Голем број градежници се соочија со економски проблеми поради значителното зголемување на каматните стапки и трошоците за материјали, недостигот на работна сила и проблемите со ланецот на снабдување"* - рече **Дизон**, и додаде ова е особено тешко за градежниците кои имаат договори со фиксна цена.

**Денита Вон**, генерална директорка на националната асоцијација за градежна индустрија *Master Builders Australia*, вели, инфлацијата и промените во индустриските односи кои ги предложи сојузната влада, исто така, вршат притисок врз малите градежни компании.

Според податоците на *Австралиската комисија за безбедност и инвестиции (ASIC)*, во периодот меѓу јули 2022 година и април 2023 година, 1.709 градежни компании ширум земја се под принудна управа.

Тука спаѓаат *Porter Davies, Probild, Pivotal Homes* и неодамна јужноавстралиската фирма *Katro*.

Иако не се сите околности исти, адвокатот **Дизон** вели, има неколку чекори кои сопствениците треба да ги разгледаат доколку нивниот градител стане несолвентен за дел од проектот.

*„Набавете сеопфатен извештај за грешките на зградата, бидејќи тоа е важно за поднесување барање за осигурување и поднесување доказ за долг. Особено е важно*






*кога градбата не е завршена, што ќе го олесни утврдувањето на недовршените работи и кои недостатоци биле одговорност на градител кој пропаднал"* - објасни **Дизон**. Покрај тоа, сопствениците на куќи треба да ги соберат и сите релевантни документи поврзани со нивниот договор за градба, како што се потпишани варијации, барања за напредок, фактури, потврди за плаќање, *Domestic Building Insurance* полиса и сета преписка што ја имале со својот градител.




Следниот чекор е да престанат со натамошно плаќање и веднаш да го контактираат именуваниот ликвидатор, за да бидат сигурни дека се на списокот на доверители.

Истовремено, на сопствениците на куќите им се советува пред да ангажираат нов градител за завршување на работата, неопходно е правилно да го раскинат договорот со претходниот, бидејќи неправилното раскинување може да доведе до правна постапка против сопственикот на домот. Освен тоа, новиот градител задолжително мора да има лиценца и осигурување.

Во случај градителот да стане несолвентен, да згасне или да исчезне, потрошувачите до одредена мера се заштитени со осигурување преку домашна градежна гаранција (*DBI*). Овој вид осигурување градителот го склучува пред почетокот на градбата или било какво плаќање (вклучувајќи и депозит).

Меѓутоа, дури и со ова осигурување, купувачите и понатаму можат да бидат изложени на сопствени трошоци доколку нивниот градител пропадне, нагласи **Вон**.

*„Постојат различни финансиски ограничувања во државите и териториите, така што покривањето е ограничено на трошоците во опсег кој е наведен во осигурувањето. Некои јурисдикции ги преиспитуваат овие законски ограничувања"* - вели **Вон**, и тоа е, според неа, причината зошто асоцијацијата ќе продолжи да ја подига свеста за важноста на осигурувањето кај своите членови и потрошувачи. Иако тоа е законско барање во секоја држава и територија, правилата во врска со *ДБИ* полисата варираат ширум *Австралија*.

Во *ACT* - Градежниците мора да имаат полиса за осигурување на станбена зграда или потврда пред почетокот на работите. Во случај градителот да стане несолвентен, сопствениците на куќи можат да бараат максимална покриеност од $85.000. *ACT* нуди најнизок износ на надоканада од сите држави. Рокот за известување на осигурителот е 90 дена.

***Нов Јужен Велс*** - Изведувачот мора да има полиса за осигурување добиена преку *HBCF (Фонд за компензација за градба на домови)* за работи над $20.000. Вкупниот лимит (вклучувајќи незавршени градежни работи, неисправни градежни работи и сите други трошоци покриени се со полисата) е $340.000 по стан, со подлимит за незавршени градежни работи од 20 отсто од договорената цена.

***Северна Територија*** - *DBI* полисата се издава во форма на сертификат од фондот и мора да се земе за секоја работа што вклучува пропишани работи за станбена градба. Фондот за осигурување им овозможува на потрошувачите да бараат до 20 отсто од договорената цена, ограничена на $200.000, доколку нивниот градител банкротира. Депозитите се ограничени на пет отсто од договорената цена.

**Квинсленд** - Изведувачите на градежните работи мораат да ја имаат полиса *KHVS (Шема за осигурување на куќи во Квинсленд)* ако работата на стамбените згради е проценета на над $3.300. Сопствениците можат да ги бараат максималните $200.000 за враќање на депозитот доколку не се почне со работа, не се заврши работа, за санација на штети предизвикани од пожар, невреме и отстранување на недостатоци во работата по нејзиното завршување. Оваа бројка може да се зголеми до $300.000 ако се земе дополнителното покритие. За да се поднесе барање за неисполнување на обврските, сопственикот на куќата мора да има потпишан договор со фиксна цена кој ќе го достави до KHVS во рок од три месеци од датумот кога завршил договорот.

***Јужна Австралија*** - Од секој лиценциран градежник во оваа држава се бара во име на сопственикот на домот што го гради, да склучи осигурување за штета на објектот (BII) за работа вредна од $12.000 или повеќе. Максималниот износ на покритието што го обезбедува BII полисата е $150.000 за време на периодот на осигурувањето.

***Тасманија*** - Од 2008 година, ова е единствената држава без некаква форма на осигурување како гаранција за градба на куќите. Меѓутоа, по неодамнешната низа на локални градежни компании кои влегуваат во процес на ликвидација, државната влада се обврза повторно да го воведе задолжително осигурување на објектите. Од градежниците ќе се бара да се осигурат за работа чија вредност е поголема од $20.000.

**Викторија** - Градежниците се обврзани да ја имаат *DBI* полисата за работа вредна над $16.000. *Domestic Building Insurance* полисата е наменета да се покријат непотполни и неисправни работи до $300.000 за полиси издадени по 1 јули 2014 година. Непотполните работи се ограничени на 20 отсто од вкупната договорена цена. Барањето до осигурителот се поднесува во рок од 180 дена од денот на дознавањето за несолвентноста на градителот.

***Западна Австралија*** - Ако изведбите на станбена зграда се проценети на повеќе од $20.000, градителот мора да земе осигурување за штета на домот (HII). Полисата HII го покрива завршувањето на работата на станбена зграда без дополнителни трошоци за сопственикот до лимит од $200.000 доколку градителот стане несолвентен. Полисата исто така може да обезбеди покритие на сопственикот на куќата до $40.000 за секое губење на депозитот.

## Дали вашиот градител е во неволја?

Адвокатот **Дизон** посочува на три индикатори кои може да укажат дека градителот има финансиски тешкотии:

*- ако градителот не или одбива да комуницира со вас;*

*- ако градителот не го посетил градилиштето подолг временски период или ако со изведбата лошо се менаџира;*

*- ако градителот има потешкотии со плаќање на вработените и добавувачите.*


ПЕРФЕКТНО МЕСТО ЗА ВАШАТА ПРОСЛАВА

MYSTIQUE
Macedonian Restaurant
Tel: 0493 431 483
0401 974 092
Отворени сме за вечера
Четврток - Сабота,
од 18 часот до доцна.

Кога сте кај нас, може да уживате во голем избор на јадења, пијалок и дезерти од традиционалната македонска кујна.

Без разлика дали станува збор за бизнис настан, спортска презентација, свадба, веридба или роденден, ние сме тука да се погрижиме вашата специјална пригода да е незаборавна.



231 Broadhurst Ave, Reservoir VIC 3073

# САД ги ублажува нафтените санкции против Венецуела

*Соединетите Американски Држави* ќе ги ублажат санкциите против *Венецуела* откако владата и опозицијата во јужноамериканската земја се договорија меѓународните набљудувачи да ги следат изборите следната година. Олеснувањето на санкциите се однесува на секторот за нафта, гас и злато. Изборите во *Венецуела* се закажани за втората половина на 2024 година. Остануваат и другите санкции наметнати поради задушувањето на протестите и колапсот на демократијата. Вашингтон предупреди дека рестриктивните мерки би можеле да бидат вратени доколку изборниот договор не успее. Со новата дозвола, издадена од Министерството за финансии на *САД, Венецуела*, која е под тешки санкции од 2019 година, може да произведува и извезува нафта на одредени пазари во следните шест месеци.



До кога ќе важи ублажувањето на мерките во секторот злато засега не се знае.

-*Каракас мора да „дефинира конкретна временска рамка за враќање на сите кандидати на работа" до крајот на ноември. Секој што сака да се кандидира за претседател треба да ја добие таа можност,* се вели во соопштението на американскиот државен секретар **Ентони Блинкен**. **Блинкен** повика и на ослободување на *„сите приведени американски државјани и венецуелски политички затвореници".*

Договорот меѓу владата на *Венецуела* и опозицијата беше потпишан во *Барбадос*.

Меѓу договорените точки е и ветувањето дека сите кандидати ќе имаат пристап до јавните и приватните медиуми, а им се гарантира слободно и безбедно движење низ целата земја. Двете страни се согласија да ги ажурираат избирачките списоци, како во самата земја, така и надвор од неа, за да можат милионите Венецуелци кои емигрирале да го остварат своето право на глас. Она што не можат да се договорат е дали договорот го исклучува учеството на опозициската лидерка **Марија Корина Маќадо**. Администрацијата на **Доналд Трамп** воведе санкции кон *Венецуела* за да ја казни владата на претседателот **Николас Мадуро** по неговиот реизбор во 2018 година, што *САД* го сметаат за „нелегитимно". По доаѓањето на **Џозеф Бајден** на претседателската функција, односите меѓу *Вашингтон* и *Каракас* се подобрија.

**СООПШТЕНИЕ**

## Донаторска вечер за изградба иконостас во манастирот„Св Лидија Македонка" во с. Поешево – Битолско

Македонското социјално друштво *„Битола"* од *Сиднеј* по повод изградбата на иконостасот во новоизградениот манастир *„Св Лидија Македонка"* во село *Поешево, Битолско*, во сабота 16 декември со почеток во 18.30 часот во просториите на Спортскиот Клуб *„Илинден"* што се наоѓа на *West Botany Street Rockdale*, организира донаторска вечер.

Картите се продаваат по цена од $80, а за деца по цена од $40. Ќе се служи богата вечера од Кетеринг *„Битола"* на **Милева** и **Никола Димовски**. Во цената се вклучени алкохолни (виски, вино, пиво) и безалкохолни пијалоци.

Ќе има богата лотарија. Вечерта ќе ве забавува групата *ВИС „Безиме"*.

За резервации и повеќе информации јавете се кај: **Љупчо Ангелевски** на **0423 569 943**, **Томе Мицковски** на **0411 351 957** и **Вера Мицковска** на **0433 319 292**




# Дали луѓето повеќе крадат поради поскапувањето?



Во многу западни земји се зборува за „епидемија на кражби“ во супермаркетите. Некои експерти го поврзуваат тоа со инфлацијата. Но, прашањето е дали се краде повеќе или само поинаку. Безбедносните магнети за спречување кражба се вообичаени на пакувањето на скапите парфеми. Но, тие сè повеќе се појавуваат на лименки туна, стекови или сирења. Во некои земји, наместо пакувања со кафе, на полиците се ставаат празни пакувања – а кафето ќе го добиете само на каса.

Според британските и американските здруженија на трговци, бројот на кражби во локалните продавници буквално експлодирал. Многумина мислат дека тоа е поврзано со инфлацијата и постојаното зголемување на цените што особено влијае на храната. Загубите во трговијата што ја имаат во споредба со она што треба да ја имаат – се зголемиле за 12 проценти. Пријавени се дури 30 отсто повеќе кражби.

Компаниите на крај треба да платат за сето тоа на производителите. Парадоксално, овие трошоци доведуваат до дополнителни зголемувања на цените.

# Индија успешно ја лансираше првата вселенска ракета

*Индија* успешно го спроведе своето прво лансирање на ракета за својата идна орбитална мисија *„Гагањан“* со екипаж, пренесе *Индиската организација за истражување на вселената (ИСРО)*.

*ИСРО* соопшти дека ќе истражува начини да го одржи човечкото присуство во вселената кога ќе заврши мисијата *„Гагањан“*.

Како што се наведува, целта е развивање вселенска капсула со човечки екипаж која ќе носи три астронаути во орбитата на висина од 400 километри, на период од три дена, пред да се спушти во *Индиски Океан*.

За програмата која доаѓа по историското слетување на леталото *Чандрајан-3* на јужниот пол на Месечината, се издвоени околу милијарда долари.

# Италија воведува гранични контроли со Словенија поради зголемена закана од тероризам




*Италија* соопшти дека ќе го суспендира договорот за отворена граница со соседна Словенија, наведувајќи ја зголемената закана од тероризам во *Европа* поради конфликтот на *Блискиот Исток*. Десничарската влада на премиерката **Џорџа Мелони** соопшти дека властите во североисточната погранична провинција *Фурлания-Јулиска Краина* од почетокот на годината идентификувале 16.000 луѓе кои илегално влегле во *Италија* преку границата со *Словенија*, последната станица на балканската рута која некои мигранти ја користат за да стигнат до *Западна Европа*.

Со 140.000 мигранти кои пристигнаа во *Италија* по море оваа година, бројот на илегални влегувања е зголемен за 85 отсто во споредба со 2022 година.

Владата соопшти и дека антитерористичкиот комитет на Министерството за внатрешни работи ја испитува ситуацијата и дека тоа ја „потврдува неопходноста“ од зајакнување на италијанската граница.

*Италија* и *Словенија* се меѓу 26-те земји кои припаѓаат на Шенген зоната, најголемата зона за слободно патување во светот.

# СООПШТЕНИЕ

Македонската Австралиска Православна Црква *„Успение на Пресвета Богородица“* од *Сиднам, Мелбурн*, ги известува своите членови и парохијани дека во месеците Октомври и Ноември 2023 година, надлежниот Митрополит Дебарско-кичевски и Администратор на Австралиско-сиднејската Епархија **Г.Г. Тимотеј**, со својата придружба: протојерејот-ставрофор **Никола Христоски** и протоѓаконот **Николче Ѓурѓиноски**, ќе остварат канонска посета на *Австралиско-сиднејската Епархија*. Посетата ќе започне со пристигнување во градот *Мелбурн* на ден 24.10.2023 година во утринските часови.

На ден 26.10.2023 на празникот *„Св. великомаченичка Злата Мегленска“* ќе остварат средба со Управниот Одбор на Македонската Православна црква *„Св. Јован Крстител“* во *Цилонг*, каде што ќе отслужат Вечерна богослужба. Во петок, на 27. октомври, 2023 година, на празникот *Преподобна Параскева - Св. Петка (ПЕТКОВДЕН)* ќе остварат средба со Управниот Одбор на *МАПЦ „Успение на Пресвета Богородица“* во *Сиднам*, каде ќе се служи Божествена Архиерејска Литургија со повеќе свештенослужители од *Мелбурн*, со почеток во 9:00 часот наутро.

Во сабота, на 28. октомври, 2023 година, ќе го посетат Македонскиот Православен Манастир *„Св. Климент Охридски“* во *Кинг Лејк* и ќе остварат средба со Управниот Одбор на истоимениот манастир.

Во недела, на 29. октомври, 2023 година, на празникот *„Св. маченик Лонгин Стотник и Преп. Лонгин“*, ќе остварат средба со Управниот Одбор на *МПЦО* за *Мелбурн* и *Викторија „Св. Ѓорѓи и Пресвета Богородица“* во *Епинг* и ќе се служи Божествена Архиерејска Литургија со повеќе свештенослужители од *Мелбурн*, со почеток во 9:00 часот наутро.

Ги покануваме сите православни Македонци да присуствуваат на Светите Архиерејски богослужби во *Мелбурн* и *Викторија* на кои ќе чиноначалствува надлежниот Митрополит **Г. Тимотеј**, да примат Свет Архиерејски благослов од дедото Владика и духовно да се нахранат од неговите пастирски поуки за здравје и спасение на сите.

*ЗА МНОГУ ГОДИНИ!*




# 3 МИНУТИ ВЕЖБАЊЕ ДНЕВНО МОЖЕ ДА ГО ПОДОБРИ ВАШЕТО ЗДРАВЈЕ



Оваа вест многу ќе ги израдува оние кои воопшто не се претерано физички активни.

Имено, едно истражување спроведено од професорот Казунори Носака од Универзитетот во Австралија во соработка со Универзитетот за здравје и благосостојба во Јапонија, успеа да покаже дека само три минути вежбање дневно ќе го подобри вашето здравје и ќе го зајакне.

Студијата вклучи млади волонтери на кои им беше наложено да прават вежба за бицепс од три минути два до три дена во неделата за еден месец. Она што го открија резултатите ќе ги израдува оние кои не се по вежбањето а тоа е дека има забележително подобрување на нивната сила.

- Нашата работа покажа дека редовното, пократко вежбање е покорисно од еден или два големи тренинзи неделно. Сега имаме појасна претстава каде е пресвртната точка каде што почнувате да гледате значајни придобивки од ваквото минимално вежбање – рекол докторот.

Тој посочи дека се потребни повеќе студии за да се потврди тоа, но дека темелот на целата приказна е поставен.

Она што треба да се забележи и потсети е дека и најмалата физичка активност може да придонесе за подобрување на вашето тело, затоа почнете навреме да размислувате за вашето здравје.






# НЕНАДЕЈНО ПОЧИНА ПОЗНАТА ИНФЛУЕНСЕРКА: РЕЈЧЕЛ ГО МОТИВИРАШЕ ЦЕЛИОТ СВЕТ



Ненадејно почина инфлуенсерката Рејчел Чејс од Нов Зеланд, мајка на пет деца, позната по своите мотиварачки фитнес програми.

Бодибилдерката и фитнесблогерка Рејчел Чејс - која имаше повеќе од 1,4 милиони следбеници на социјалните мрежи беше вистинска „интернет сензација“. Причината за нејзината смрт сè уште не е позната.

Таа беше првата Новозеланѓанка која се квалификуваше за натпреварувањето во бодибилдинг на Олимпијада, а беше и на многу меѓународни средби.

Работеше како фитнесмодел кој ги красеше насловните страници на магазини, а како инфлуенсерка, нудеше и онлајн-фитнес менторство.

Веста за нејзината смрт растажи многумина кои почнаа да се збогуваат со неа на социјалните мрежи, а се огласи и нејзината најстара ќерка Ана Чејс.

„Ни даваше голема поддршка, љубезна и секогаш го имаше најдобриот совет за нас. Имаше голема амбиција и желба да успее и инспираше милиони луѓе низ светот. Неизмерно ми недостига и таа љубов никогаш нема да исчезне“, напиша Ана за својата мајка.

Портпаролот на Министерството за правда на Нов Зеланд ја потврди нејзината смрт и дека се врши истрага.

„Со оглед на неодамнешната природа на смртта, во оваа фаза не се достапни дополнителни информации“, изјави портпаролот.

Кит О'Конел, пријател на Рејчел, изјави дека нејзината смрт е „ненадејна и неочекувана“ и дека таа била една од „најљубезните души“ што ги познава.



Чејс во 2016 година напишала статија каде што го опишува своето искуство со напуштањето на „токсична и насилна“ врска во која западнала откако се развела од својот сопруг Крис Чејс.

Крис Чејс одлежал 10 години затворска казна, откако бил уапсен во 2012 година за неговата улога во дистрибуција на дрога, слична на екстази, низ Нов Зеланд.

„Врската во која бев ме научи на многу работи за тоа што не сакам и од што морам да се држам настрана. Не страдав само јас, туку целото мое семејство. Значи, ако знаете дека сте во насилна врска и немате храброст да заминете, направете го тоа за вашите деца. Зграпчете сè што ви треба доволно долго за да преживеете ползејќи од таа дупка, бидејќи ви ветувам дека ќе вреди“, напишала Рејчел.

## ВО МАЛТА: СТАТУА ОД ЧОКОЛАДЕН ГЛАДИЈАТОР ПОСВЕТЕНА НА РАСЕЛ КРОУ





Австралискиот актер Расел Кроу, односно неговиот лик Максимус од филмот „Гладијатор“, доби скулптура во Малта, но не бронзена или мермерна, туку исклучително слатка - од чоколадо.

Последното во долгата листа со признанија на Кроу е чоколадна скулптура висока речиси два метри, која е направена за да го прикаже главниот лик на епскиот спектакл исклучително верно.

На актерот, очигледно, му се допаднала оригиналната идеја, бил импресиониран од скулптурата и ја пофали.

„Некои луѓе добиваат бронзени скулптури. Некои од мермер. Во Малта ме направија од... чоколадо. Откако фестивалот ќе заврши, јас ќе бидам достапен за... јадење“, изјави Кроу.

Скулптурата е создадена како дел од годинашното 13. издание на чоколадниот фестивал „Хамрун“ во Малта, каде што делумно е и снимен легендарниот филм. Таа тежи околу 150 килограми, а нејзиниот творец Тицијано Казар направи и чоколаден Мики Маус за годинашниот фестивал.

## хумор - хумор - хумор - хумор

Жена и се јавува на својата пријателка:

- Леле да ти кажувам што се случи... Го пратив овој мојот да купи компири и на улица го згази кола.

- Ииииии, ужас! И што ќе правиш ти сега?

- Не знам, најверојатно ориз.



# Џангаровски ќе ги предводи „лавовите“ во Првата лига



Македонија ЃП експресно го реши тренерското прашање, откако за помалку од 24 часа по разделбата од Горан Симов беше договорен неговиот наследник на чело на „лавовите“.

Станува збор за Тони Џангаровски, кој ја прифати понудата да седне на клупата на прволигашот од Ѓорче Петров. Прв асистент на новиот тренер ќе биде Боби Божиновски.

- Без размислување го прифаќам предизвикот бидејќи веруваме во успех со оваа екипа. Веќе на следниот натпревар ќе покажеме дека Македонија ЃП е победничка екипа, изјави Џангаровски по потписот на договорот со Македонија ЃП.

НОВ ТЕЖОК УДАР ЗА ВАРДАР:

# Крај на сезоната за капитенот Мицевски!?



Нов тежок удар за ФК Вардар во сезоната во која длабоко е натежната финансиската неизвесност, играчкиот кадар е скромен поради ненавремената можност за сериозни засилувања а битката за опстанок и тоа како тешка. Црвено-црните, сега, до крајот на сезоната би можеле да останат и без капитенот Дарко Мицевски!?

Вардар запиша и тоа како голема победа во градската пресметка против Работнички, но очигледно ќе плати сериозна цена за тоа со бизарната повреда на Дарко Мицевски која се заканува да го оддалечи од терените најмалку во следните шест месеци. Според првичните информации (иако следи уште еден преглед за дефинитивна потврда) Мицевски има скинати лигаменти на коленото поради што го очекува пауза од најмалку шест месеци или тоа значи крај на сезоната...

- Не знаеме точно, треба да се реализираат уште едни прегледи пред дефинитивно да се знае се – рече тренерот на Вардар, Александар Васоски.

Мицевски, како што е познато, веќе на почетокот од годината беше подложен на хируршка интервенција поради што имаше долга пауза, а сега најверојатно го чека ново отсуство од терените.

Капитенот на вардарци повеќе од бизарно се повреди на дуелот против Работнички кога откако го погоди пеналот за победа од 1:0 во 75. минута, тргна да прослави со „комитите“. При прославата скокна висока, а доскокна лошо и го повреди коленото. Се обиде да се врати на теренот, но не можеше да продолжи натпреварот.

КВАЛИФИКАЦИИ ЗА УЕФА ЕУРО 2024 ГЕРМАНИЈА

# УЕФА нема гајле за војната во Газа: На Израел му закажа дури 4 натпревари за 9 дена



Европската фудбалска федерација (УЕФА) донесе одлука за нови термини за одложените натпревари од групата И во квалификациите за пласман на ЕУРО 2024.

Имено, октомвриските натпревари на Израел со Косово и Швајцарија беа одложени поради нападот на Хамас во Израел и потоа со денови разменувањето на проектили меѓу израел и Појсот Газа.

Овие натпревари, со одлука на УЕФА, ќе се играат следниот месец, а репрезентацијата на Израел ја очекуваат дури 4 натпревари за само 9 дена.

УЕФА објави дека натпреварите што беа закажани за октомври ќе се одиграат на 12 и 15 ноември.

По тие натпревари со Косово и Швајцарија, кои сега се закажани за 12 и 15 ноември, Израел го очекуваат дуели со Романија на 18 и Андора на 21 ноември. Овие два натпревара остануваат во оригиналните термини, како што и претходно беа закажани.

## ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА

Резултати 11. коло

| | |
|---|---|
| ГОСТИВАР – ВОСКА СПОРТ | 1:1 |
| МАКЕДОНИЈА ЃП – СТРУГА | 0:3 |
| РАБОТНИЧКИ – ВАРДАР | 0:1 |
| ШКЕНДИЈА – БРЕРА СТРУМИЦА | 1:1 |
| ШКУПИ – БРЕГАЛНИЦА ШТИП | 1:0 |
| СИЛЕКС – ТИКВЕШ | 1:0 |

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Шкендија | 11 | 7 | 3 | 1 | 24 |
| 2. Шкупи | 11 | 6 | 4 | 1 | 22 |
| 3. Струга ТЉ | 10 | 7 | 0 | 3 | 21 |
| 4. Силекс | 11 | 5 | 4 | 2 | 19 |
| 5. Брера | 11 | 4 | 3 | 4 | 15 |
| 6. Тиквеш | 11 | 4 | 2 | 5 | 14 |
| 7. Работнички | 11 | 4 | 1 | 6 | 13 |
| 8. Брегалница | 11 | 4 | 1 | 6 | 13 |
| 9. Македонија ЃП | 11 | 3 | 2 | 6 | 11 |
| 10. Воска | 11 | 3 | 2 | 6 | 11 |
| 11. Гостивар | 11 | 3 | 2 | 6 | 11 |
| 12. Вардар | 10 | 2 | 2 | 6 | 8 |

## ВТОРА МФЛ

Резултати од 9. коло

| | |
|---|---|
| АРСИМИ – ПЕЛИСТЕР | 1:1 |
| ДЕТОНИТ – ОСОГОВО | 3:0 |
| СКОПЈЕ – БЕСА | 0:0 |
| САСА – БЕЛАСИЦА | 2:3 |
| КАРАОРМАН – БАШКИМИ | 1:2 |
| КОЖУФ – ПОБЕДА | 0:0 |
| НОВАЦИ – ОХРИД | 1:3 |
| ВАРДАР Н. – ТЕТЕКС | 0:0 |

Табела

| | |
|---|---|
| 1. БЕСА | 22 |
| 2. ОХРИД | 19 |
| 3. ПЕЛИСТЕР | 18 |
| 4. ДЕТОНИТ | 16 |
| 5. КОЖУФ | 16 |
| 6. БАШКИМИ | 16 |
| 7. БЕЛСИЦА | 15 |
| 8. ТЕТЕКС | 14 |
| 9. ПОБЕДА | 12 |
| 10. АРСИМИ | 10 |
| 11. НОВАЦИ | 10 |
| 12. СКОПЈЕ | 9 |
| 13. ВАРДАР (Н) | 7 |
| 14. ОСОГОВО | 7 |
| 15. САСА | 6 |
| 16. КАРАОРМАН | 4 |

# Мајката на Мбапе: Како мал навиваше за Милан, кога ќе изгубеа пцуеше на италијански



Во интервју за „Газета дело Спорт“, мајката на Килијан Мбапе, Фајза Ламари откри некои информации од детството на францускиот репрезентативец. Таа посочи дека нејзиниот син како мал навивач за Милан.

Токму во среда ПСЖ ќе игра со Милан, а младиот напаѓач ќе се соочи со „росонерите“.

- Кога ќе дојдеше дома, зборуваше само за Милан. Кога тие ќе изгубеа, го фрлаше далечинското кон телевизорот и пцуеше на италијански јазик, изјави Ламари.

ПСЖ првпат ќе игра со Милан во ЛШ.


MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES

Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### МУРИЊО ЗА ОСВОЈУВАЧОТ НА „ЗЛАТНАТА ТОПКА“:

# Исто се чувствував кога Модриќ ја освои



„Златна топка 2022“ е името на документарниот филм што се емитуваше деновиве во Франција. Добитник на таа награда беше Карим Бензема, најдобриот стрелец и играч на Реал Мадрид во походот по европските и шпанските шампионски титули. Во сезоната постигна 50 гола, од кои 15 во Лигата на шампионите.

Во емитуваниот филм се појавуваат неколку познати „фаци“ од светот на фудбалот, а еден од оние кои коментираа дека Бензема е прогласен за најдобар во светот е Жозе Мурињо. Португалецот од 2010 до 2013 година беше тренер на Бензема во Реал и со него освои три трофеи. Тој го спореди освојувањето на наградата на Бензема со 2018 година, кога Лука Модриќ беше прогласен за најдобар.

- Ме воодушеви затоа што понекогаш добивам впечаток дека Златната топка се доделува за талент, но нешто недостасува. Чувствував исто задоволство како кога ја освои Модриќ. Тимски играч. А фудбалот е токму тоа, тимски спорт, изјави Мурињо.

Добитникот на „Златната топка“ за 2023 година ќе биде избран на 30 октомври. Најголеми кандидати за освојување се Ерлинг Халанд, освојувач на тројната круна со Манчестер сити и стрелец на 52 гола на 53 настапи минатата сезона и Лионел Меси. Аргентинецот минатата сезона ја предводеше Аргентина до светската титула, а беше и шампион на Франција со ПСЖ. Постигна 21 гол и имаше 20 асистенции.

## Ферстапен најбрз во Тексас за 50. јубилејна победа во Ф1 шампионатот




Актуелниот светски шампион во Формула 1, Холанѓанецот Макс Ферстапен во тимот на „Ред Бул“ победи на трката за Големата награда на САД во Остин, остварувајќи ја 15-та победа сезонава, а јубилејната 50-та во кариерата.

Ова беше 18-та трка оваа сезона и дури 15-та прослава на 26-годишниот Холанѓанец, кој пред две седмици во Катар ја обезбеди третата светска титула. Остануваат уште четири трки до крајот на сезоната, во Мексико, Бразил, Лас Вегас и Абу Даби.

- Мислам дека цела трка се мачев со сопирачките, што дефинитивно ми отежна. Сепак, неверојатно е да се освои 50. гран-при, навистина сум горд, рече Ферстапен, кој го заврши американскиот викенд на најдобар можен начин отколку во саботата славеше и во спринтерската трка.

Само четворица велемајстори во Формула 1 триумфираа повеќе пати од Холанѓанецот. На врвот е Хамилтон со 103 победи, втор е Германецот Михаел Шумахер со 91, трет Германецот Себастијан Фетел со 53, а четврти Ален Прост со 51 победа.

- Верувам дека нема да застанеме тука, ќе продолжиме да се трудиме да постигнеме уште повеќе, рече тој.

Во генералниот пласман Ферстапен сега води со 466 бодови, на второто место е Перез со 238 бодови, додека трет е Хамилтон со 219 бодови.

Во пласманот за конструктори води „Ред Бул“ со недостижни 669 бодови, „Мерцедес“ е втор со 334 бодови, а „Ферари“ е на третата позиција со 307 бодови.

Следната трка е во Мексико.

## Се тресе столчето на Џерард, може да добие „клоца“ од С. Арабија



Саудиските газди вложија огромни пари за доведување на големи фудбалски ѕвезди и целта е да направи атракција од оваа лига, но проблемот е што таков успех не може да се постигне само со два-три атрактивни клуба.

Ал Наср, Ал Хилал и Ал Итихад можат да се пофалат со извонредно функционирање во секој поглед, но Стивен Џерард како тренер на Ал Етифак се запозна и со негативната страна на фудбалот во Саудиска Арабија.

Фудбалската култура во оваа земја ни одблиску не е на нивото од Европа, а тоа може да се заклучи со посетеноста на последниот првенствен меч на Ал Етифак.

Стивен Џерард го водел својот тим пред точно 696 гледачи на гостувањето кај Ал Ријад, па тоа им беше доволно на Англичаните да направат една брутална споредба. Додека Стиви Џи и Џордан Хендерсон се соочиле со празни трибини пред неполни 700 гледачи, натпреварот во деветтата англиска лига меѓу Бури и Витеншоу го следеле 3.195 фанови.

Ал-Етифак нема победа на последните три меча во првенството на Саудиска Арабија, ги загуби последните два и тоа од тимови со многу помал буџет од нив.

Почнаа и гласини дека доколку наскоро не се подобрат резултатите Стивен Џерард би можел да добие отказ.

Се одиграа десет кола од новата сезона, а Ал-Етифак веќе има заостанување од девет бода зад лидерот Ал-Хилал.

Стивен Џерард имаше фантастичен почеток на тренерската кариера, беше импресивен во Глазгов Ренџерс, но потфрли во Астон Вила, а сега почна лошо и во Ал-Етифак (може да помине според англиското значење на името на клубот).



# Гроздановска и Милошевски со по две победи




Изминатиот викенд на хиподромот во Маџари, на теренот на клубот за коњички спорт „Илинден", се одржа шестото коло од отвореното Првенство на Македонија во прекокнување на пречки, како и второто коло од Купот на Македонија во прескокнување на пречки за година во пет класи, при што најуспешни беа Леонида Гроздановска од клубот Анималс и Петар Милошевски од клубот Бравадос со по две победи.

Останува уште третото коло од Куп-првенството што ќе се одржи на 4 ноември, кога ќе се поделат сите одличја, пехари и медали на првите тројца во генералниот пласман за годинава.

### ЕДНА ОД НАЈУБАВИТЕ ЖЕНИ НА СВЕТОТ ГО „ШУТНА" ДИМИТРОВ:

# „Ми беше привремена забава"



Еден од најпознатите славни парови во светот по седум месеци стави крај на врската. Бугарскиот тенисер Григор Димитров и убавата романска актерка Мадалина Ганеа. Дека работите не се во ред стана јасно кога романската убавица, која неодоливо личи на Софија Лорен и бугарскиот тенисер ги избриша сите нивни заеднички фотографии од Инстаграм.

„Лојалноста не се купува со пари", напиша 32-годишниот Димитров, а Ганеа го пречека со следниве зборови: „Откажување од привремени забави за да се изгради трајна стабилност не е губење".

И што точно е причината за распадот на бурната љубов? Двајцата не кажаа директно, но затоа нивните романски и бугарски навивачи имаат различни теории. Така, Бугарите тврдат дека Ганеа од своето момче побарала 500.000 евра за да започне со моден бизнис, но тенисерот не прифатил. Романците, пак, тврдат дека убавицата го фатила Димитров со друга.



Мадалина, која е родена и израсната во Слатина, Романија, се појави во спотот за песната „Il tempo tra di noi" на италијанскиот музичар Ерос Рамацоти во 2007 година. Таа дебитираше и на големото платно во 2011 година, глумејќи во италијанскиот филм „I soliti idioti". Таа е можеби најпозната на гледачите по улогата на Софија Лорен во филмот „Куќата на Гучи".

Мадалина беше во врска со холивудските ѕвезди Леонардо ди Каприо и Џерард Батлер.

### НОВ СВЕТСКИ РЕКОРД:

# Мекион продолжува да ги урива границите




Австралиската пливачка Кајли Мекион ја продолжи својата игра со светските рекорди на собирот на Светското првенство во Будимпешта.

Ден откако ја постави границата од соништата на 50 метри грбно, таа го постигна најдобриот резултат во историјата на двојно поголема должина на делницата во ист стил.

Таа стигна до целта на 57.33 и за 12 стотинки го надмина своето најдобро време.

Мекион е актуелна олимписка шампионка на 100 и 200 метри грбно, светски првак на 50, 100 и 200 метри и сопственик на сите светски рекорди од 50 до 200 метри.

# Макаби во Белград ќе ги игра натпреварите од Евролигата



Израелскиот кошаркарски тим Макаби од Тел Авив ќе ги игра следните натпревари од Евролигата во Србија, односно во салата „Александар Николиќ" во Белград.

На состанокот одржан на 24 октомври во Истанбул, членовите на Евролигата решија Макаби да ги игра следните натпревари како „домаќин" во главниот град на Србија.

Првиот натпревар ќе го одигра против Баерн Минхен на 9 ноември, а мечот од шестото коло против Реал Мадрид беше одложено за подоцна, иако требаше да се игра на 2 ноември.

Макаби доби поддршка од Белград и Србија за организација на натпреварите поради воениот конфликт меѓу Палестина и Израел.

# Волкановски и Махачев по борбата беа на – кафе!




Борбата на Александар Волкановски и Ислам Махачев во рамки на УФЦ привлече големо внимание. Русинот беше подобар од Австралиецот со македонско потекло, а два дена по натпреварот се случи интересен момент.

Махачев го нокаутира Волкановски во првата рунда по само три минути, кога му зададе удар со нога во пределот на главата.

По главните борби на УФЦ често сме биле сведоци на провокации и на игри на зборови на учесниците, но тоа не е случај овој пат.

Волкановски и Махачев завршија на – кафе во Абу Даби! Двајцата објавија фотографии во еден од баровите, каде се прегрнати. „Нема ништо меѓу нас, освен само почит". напиша Махачев под фотографијата, а слична фотографија објави и Волкановски, кој истакна „Голема почит за Ислам и неговиот тим. Се гледаме некој нареден пат".

Махачев со победата над Волкановски го држи рекордот во УФЦ, со тринаесет победи во низа. Интересно, медиумите велат дека Русинот му дал совет на нашиот Волкановски, а тоа е да земе одмор од УФЦ и да ја одбие борбата која би ја добил од челниците во јануари.

A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston



03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970

A AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО • УДОБНО • СИГУРНО • ВЕ ОЧЕКУВАМЕ • НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
A LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

СПОРТ
Australian Macedonian TODAY
Австралиско Македонски Денес
ISSN 1442-195X


# ВОЛКАНОВСКИ НОКАУТИРАН ОД МАКАЧЕВ



Ислам Макачев го нокаутираше Александар Волкановски во првата рунда во Абу Даби. Долгоочекуваниот спектакл на УФЦ 294 заврши многу брзо, бидејќи Дагестанецот експресно ја заврши работата.

Дуелот на двајцата шампиони, за титулата во „лесна“ категорија, која ја бранеше Дагестанецот, целосно ја оправда титулата „главен настан“.

Сепак, треба да се напомене дека оваа борба првично не беше планирана за овој настан, со оглед на тоа што Макачев требаше да се бори со Оливеира. Но, по една спаринг сесија Оливеира доби сериозна расекотина на лицето, мораше да го откаже мечот, а како замена влезе шампионот во „перо категорија“ Александар Волкановски.

Австралискиот борец со македонско потекло наивно влезе во реванш со Макачев. Тој едноставно немаше доволно време за да се подготви за борбата после повредата што ја доби во јули. За да се квалификува за средбата против Макачев, тој направи голема трансформација и успеа да симне неверојатни 12 килограми за само 11 дена.

Што се однесува до самата борба, таа не траеше предолго. Волкановски издржа само три минути и шест секунди.

Од самиот почеток се чинеше дека Макачев е поодлучен и поагресивен. Во средината на првата рунда Макачев со удар со нога го зашемети Волкановски, а потоа со серија удари го нокаутира. На крајот, судијата мораше да го прекине натпреварот и досуди победа за Макачев.

Со ова Макачев успешно го одбрани шампионскиот појас во „лесна“ категорија и покажа дека во моментов му нема рамен. Дагестанецот сега има 25. победи од 26. борби, додека за Волкановски ова е трет пораз во кариерата со UFC.

**„Ислам одлично го зададе ударот со нога во моето лице. Не сакам да губам, но против себе имав голем шампион. Верував во себе, но тоа не беше доволно. Од УФЦ барам да ми закажуваат борби, тешко ми е кога немам борби, полудувам, затоа и ја прифатив оваа борба. Ве молам дајте ми борба, би сакал да се борам веќе во јануари. Јасно е дека се враќам во перолесна категорија. Засега нема што да барам против потешките од мене“ – изјави Волкановски од октагонот во Абу Даби.**






# ХАБИБ: ВОЛКАНОВСКИ Е ПРЕКРАСЕН ЧОВЕК И ШАМПИОН СО ГОЛЕМО СРЦЕ

Славниот руски борец, Хабиб Нурмагомедов, кој кариерата ја заврши како непоразен УФЦ шампион во лесна категорија, упати пофални зборови за Александар Волкановски.

Австралиецот со македонско потекло загуби во битката за титула во лесна категорија од Ислам Махачев, а на Хабиб чиј сонародник е Махачев, мило му е што победи неговиот пулен на кого му помагаше во подготовките пред борбата, но покажа и голема почит кон Волкановски кој на само 20 дена пред борбата прифати да влезе во октагон откако неочувано доби шанса да се бори против Махачев на местото на Чарлс Оливеира.

„Имам голема почит кон Алекс, му посакувам само најдобро. Тој е прекрасна личност и шампион со големо срце“ – изјави Хабиб.


